РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-465/10
16-03-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29 -та седница, одржана на ден 10.03.2026 година, ја донесе следнава:

## ОДЛУКА

Предметот со бр. 09-465/1 од 23.01.2026 година, оформен по пријава против лицето --------------, ВД директор на СОУ „---------, СЕ ЗАПИРА.
ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно надлежно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Согласно со член 24 став (1) од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси да се достави известување до општина Виница.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 23.01.2026 година поднесена е пријава против лицето --------------, В.Д. директор на СОУ „------------, со наводи за постоење на судир на интереси и незаконито постапување при унапредување во звање ментор. Во пријавата се наведува дека по нејзиното именување за В.Д. директор на 14.11.2025 година, именуваната користејќи ја службената положба, потпишала препорака/документ поврзан со сопственото унапредување во звање ментор и вршела притисок врз колегите за добивање позитивно мислење. Државната комисија по извршениот увид во својата евиденција за избор, именување и

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

престанок, утврди дека --------------- е разрешена од функцијата вд директор на СОУ „ ----------- на ден 03.01.2025 година со Одлука бр. 10-21, додека на 13.11.2025 година лицето е именувано на функцијата вд директор на СОУ „ ----------- со Одлука бр. 10-10142 од страна на градоначалник на општина ------. Иако институцијата ги пријавила промените, ДКСК констатираше дека лицето во законски предвидениот рок од 30 дена нема поднесено Изјави за имотна состојба и интереси во врска со престанокот и новото именување.

Горенаведените состојби се спротивни на член 82 став 1 и 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија„ број 12/2019), а казнив по член 109 став 1 алинеја 1 и 2 од истиот закон.

ДКСК констатираше дека од страна на лицето ----------- е сторен прекршок, по што согласно Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.96/2019) до именуваната достави два записника за констатиран прекршок бр. 09-465/2 и 09-465/5 од 12.02.2026 година и беше понудена постапка за порамнување со издавање на два прекршочни платни налози бр. 09-465/3 и 09-465/6 од 12.02.2026 година.

По доставените записници за констатиран прекршок и издадените прекршочни платни налога за констатиран прекршок согласно со одредбите од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси и Законот за прекршоците, лицето ------------ изврши уплата на пропишаната глоба и достави доказ до ДКСК.

Во врска со наводите од пријавата, ДКСК прибираше документација, по што го констатира следното:

Лицето ------------- е вработена во училиштето на работно место професор по македонски јазик со Договор за работа бр. 0402-229/1 од 31.08.1999 година.

Лицето ------------ по објавен Јавен повик за напредување во звање наставник-ментор и стручен соработник ментор од страна на Министерството за образование и наука на ден 23.09.2025 година има поднесено електронска апликација на ден 23.09.2025 година.

Со Одлука за именување вршител на должноста директор на СОУ „ --------- бр. 04-691/1 од 13.11.2025 година е именувана за вд директор од страна на градоначалник на општина -----------.

Од страна на Државниот просветен инспекторат е извршен вондреден инспекциски надзор во СОУ „--------------- по доставена претставка во врска со напредување во звање наставник – ментор и во списите е доставен Записник Ип1 бр. 31-12 од 30.01.2026 година. Од страна на државниот просветен инспеторат е констатирано дека на ден 23.09.2025 година лицето ------------ електронски аплицира за напредување во звање наставник – ментор во СОУ „ ------------. Училиштето има добиено барање бр. 13-14914/34 од 28.11.2025 година од Министерството за

образование и наука за доставено мислење за наставниците: ----------- и -------------. На ден 18.12.2025 година тимот на професионален развој во училиштето има одржано состанок за формирање на мислење за наставници и стручни соработници кои имаат аплиицрано за наставник-ментор и стручен соработник ментор. Во работата на тимот за професионален развој учество имат земено 11 вработени наставници и стручни соработници. В.Д директорот ------------- не била член и не учествувала во работата на тимот видно од доставениот записник бр. 08-27/9 од 18.12.2025 година. На ден 18.12.2025 година тимот за професионален развој има формирано мислење бр. 04-756/2 од 18.12.2025 година на училиштето за исполнетоста на стандардите за наставник ментор за -------------. Врз основа на констатираната состојба од страна на Државниот просветен инспектор не се утврдени неправилности во работењето на субјектот и постапката е запрена.

Постапката за назначување на лицето ------------ во звање наставник – ментор се уште не е завршена.

После утврдената фактичка состојба Државната комисија констатираше дека наводите од пријавата не се потврдуваат, односно не се утврди дека именуваното лице ја искористило својата службена положба за да влијае врз постапката за нејзино унапредување во звање наставник - ментор. Од доставената документација и записникот од Државниот просветен инспекторат, неспорно се утврди дека ---------- не била член на тимот за професионален развој, ниту пак учествувала во одлучувањето и потпишувањето на мислењето за исполнување на стандардите за сопственото унапредување.

Иако лицето ---------------- изврши уплата на пропишаната глоба по издадените прекршочни платни налози, ДКСК констатира дека до денот на донесување на оваа одлука, именуваната сè уште ја нема исполнето законската обврска за поднесување на Изјава за имотна состојба и интереси.

Врз основа на наведеното, имајќи предвид дека службеното лице -------------- ги прекршила одредбите од член 82 став (1) и (3) од ЗСКСИ, односно после престанокот и именувањето на функцијата В.Д директорот во СОУ „ ------------ не поднела изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија ни после извршена уплата на предвидената глоба, согласно со член 24 став (1) и (2) од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси Државната комисија ќе достави известување до општина ------ како надлежен орган за именување на наведената функција.

Надлежниот орган е должен по доставеното известување за утврдената повреда од став (1) писмено да ја извести Државната комсија за преземените мерки во рок од 60 дена од денот на добивање на известувањето.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Имајќи го во предвид се погоре наведеното, Државната комисија на седницата одржана на ден 10.03.2026 година одлучи како во диспозитивот.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: м-р Б.К. – виш соработник
Контролирал: К.З. – раководител на сектор

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930